Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на Општина Старо Нагоричане, на седницата одржана на 28.12.2022 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите
на државните службеници за 2023 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2023 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Старо Нагоричане“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

Бр. 08-9/350
од 28. 12. 2022 година

Претседател,
на Совет на Општина Старо Нагоричане
______________________________
Сашка Крстевска - Павловска

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општината се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.